Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Дејан Атанасовски УП2 09-68/24 од 13 февруари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138598874 за период 11.11.23-15.01.24 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1138598874 за период 11.11.23-15.01.24 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Дејан Атанасовски до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138598874 за период 11.11.23-15.01.24 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ).

Според ЕВН ХОМЕ - корегираната фактура број 1138598874 е изготвена врз основа на обезбедени состојби од оптичко отчитување на броилото. Состојбите се распределени според извештајот за отчитување.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори одржана на 7 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-68/24 од 13 февруари 2024 година со прилог:

-Приговараната фактура

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 20 февруари 2024 година со прилог:

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 12 февруари 2024

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно доставениот Извештај за отчитани состојби на потрошена електрична енергија, видно е дека состојбите во приговараните фактури се во ред.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–68/24**
**25 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**